# Препраќање на Жалба бр.08-397

**From**
**To** <natasa.grebenarova@digu.gov.mk>
**Date** 2021-03-15 10:39

Gmail-Барање-за-пристап-до-информации-од-јавен-карактер_ДИГУ 15022021.pdf (~84 KB)

Жалба-по-основ-на-неостварено-право-ДИГУ-11032021.pdf (~151 KB)

16. 03. 2021.

| | | |
|---|---|---|
| 12 | 134/3 | |

Почитувани,
До Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер електронски е доставена Жалба од барателот на информации, Граѓанска иницијатива Охрид SOS.

Согласно член 107 став 1 од Законот за општата управна постапка, во прилог Ви ја доставуваме предметната жалба, со цел во рок од 7 дена од денот на приемот да се произнесете по истата и да ги доставите сите списи во врска со предметот.

Со почит,

Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер Бул. "Гоце Делчев" бр.18 1000 Скопје, Република Македонија

Agency for protection of the right to free access to public information
Address: bul."Goce Delcev", 18
1000 Skopje, Republic of Macedonia

**ОХРИД SOS**

**11.03.2021**

**До: Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Почитувани,

Доставувам жалба по основ **неостварено право на пристап до информации од јавен карактер**.

Граѓанската инцијатива Охрид SOS на 15.02.2021 г. достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер по електронски пат до Државниот инспекторат за градежниште и урбанизам (ДИГУ). Од имателот беа побарани следните информации:

**1.** Бараме информација за постапувањето на државниот градежен инспекторат во врска со нелегална градба на терасата на Ресторан Лихнидос на плоштад Св. Климент Охридски во Охрид.

Според информациите добиени од Дирекцијата за заштита на културното наследство во септември 2020 г., инспекторатот при Дирекцијата за заштита на културното наследство по претходно извршен инспекциски надзор од НУ Завод и музеј - Охрид од 3 јули 2020 г., издал решение за враќање на објектот во првобитната состојба, по што случајот е предаден на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Бараме да ни се достави записник од извршениот инспекциски надзор на надлежниот градежен инспектор од ДИГУ и решението од надзорот.

**2.** Бараме информација за постапувањето на државниот градежен инспекторат во врска со нелегална градба на Ул. Кузман Капидан бр. 23 во Охрид. Во врска со случајот, НУ Завод и музеј - Охрид извршиле увид на 06 октомври 2020 г. по што ја известиле Дирекцијата за заштита на културното наследство за понатамошно постапување.

Според информациите кои ги имаме, инспекторатот за културно наследство при Дирекцијата издал решение за враќање на објектот во првобитната состојба во согласност со претходно извршен инспекциски надзор, по што случајот е предаден на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Бараме да ни се достави записник од извршениот инспекциски надзор на надлежниот градежен инспектор од ДИГУ и решението од надзорот.

* * *

До денес, 11.03.2021 г. немаме добиено никаков одговор, а согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, рокот е веќе изминат, поради што ја доставувам оваа жалба. Во прилог на оваа жалба доставувам и копија од електронскиот допис до ДИГУ со барањето.

ОХРИД
SOS

Со оглед на неопходноста на бараните информации, Ве замолувам за што поитна интервенција.

Однапред благодарам,

зо име на ***Граѓанската иницијатива Охрид SOS***